**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**

ПРЕТСТАВНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**

# ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА
## за изменување и дополнување на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, за 2026 година

**Скопје, февруари 2026 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 10 став 1 точка 8 алинеја 1 од Законот за градот Скопје ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04,158/11) а во врска со член 11 став 1 алинеја 7 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19,146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), Советот на Град Скопје на _____седница одржана на ______ 2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, за 2026 година**

**Член 1**

Во Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, за 2026 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 14/25), во главата III., во поглавјето Приоритетна цел 2, во табеларниот приказ вкупниот износ „26.850.000“ се заменува со износот „24.350.000“.

Во поглавјето Приоритетна цел 3, во табеларниот приказ вкупниот износ „17.100.000“ се заменува со износот „19.600.000“ и се додава нова точка 2, која гласи:

Реализатор на активноста – Град Скопје, Активност – Доделување на еднократна парична помош на онколошки пациенти согласно дефинирани услови/документација во постапка пред Комисија формирана од Градоначалникот, Буџет на Град Скопје за 2026 година – Програма В3, ставка 464, потставка 464990, износ 2.500.000 денари.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __
2026 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
д-р Даме Димитровски

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/4 утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје. Согласно член 11 став 1 алинеја 7 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19,146/19, 275/19302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25) за остварување на дејноста на социјална заштита, градот Скопје донесува годишни програми за потребите на граѓаните од областа на социјална заштита, во која се предвидуваат активности и средства за реализација на истите.

Заради потребата да се излезе во пресрет на некои од најранливите граѓани на нашиот град, што претставува и една од главните цели на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, преку остварување социјална грижа и подобрување на квалитетот на живеење на овие граѓани, дел од средствата во висина од 2.500.000 денари, предвидени во Приоритетната цел 2 се пренаменуваат за потребите на онколошките пациенти.

Притоа, вкупните средства кои се предвидени во Буџетот на Град Скопје за 2026 година за спроведување на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје за 2026 година остануваат исти.

Од тие причини, се предлага на Советот да ја донесе предложената **Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, за 2026 година.**